**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**Универзитет „Св. Кирил и Методиј" - Скопје**
**Факултет за електротехника и информациски технологии**

Број: 02-282/3
Датум: 22.2.2021 година
СКОПЈЕ

Врз основа на член 75 од Статутот на Факултетот за електротехника и информациски технологии во Скопје (Универзитетски гласник бр. 457/ 2019), Деканатската управа на седницата одржана на 22.2.2021 г. донесе

# ОДЛУКА

за цената за презапишан предмет на втор циклус студии на ФЕИТ

1. Студентите запишани на некоја од студските програми на втор циклус на студии на Факултетот за електротехника и информациски технологии во Скопје кога презапишуваат неположен предмет уплаќаат 50 евра (во денарска противвредност) по предмет.

2. Ако студентот, во семестарот кога е должен да пријави тема за изработка на магистерски труд, (по истекот на три семестри од уписот) нема осоено 30 кредити, тој е должен да уплати 100 евра (во денарска противвредност) на име немање услов за пријавување на тема во соодветниот семестар.

3. Студентите кои во рокот од една година по презапишувањето на предметите согласно точка 1 од оваа одлука не ги положат, при наредното запишување го плаќаат целиот износ на кредитии за предметот што го презапишуваат.

4. Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето, а се применува од учебната 2020/2021 година.

5. Одлуката да се достават до: Управата, веб страницата, Одделението за студентски прашања, сметководството, општата служба и архивата на ФЕИТ.

Декан,
Проф. д-р Димитар Ташковски

Универзитет „Св. Кирил и Методиј" Факултет за електротехника и информациски технологии Република Северна Македонија СКОПЈЕ